**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,15 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Антонио Милошоски, Андреј Жерноски, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец, Никола Груевски, Зоран Ставревски, Миле Јанакиевски и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија.

Пратениците Зоран Коњановски и Васе Доневски поднесоа оставки.

Констатирам дека согласно член 152 став 1 алинеја 1 од Изборниот законик на пратениците Зоран Коњановски и Васе Доневски им престанува мандатот. Бидејќи пратениците Зоран Коњановски и Васе Доневски беа избрани од листи на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеник согласно член 153 од Изборниот законик.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за здравтсвена заштита.

Предлогот ви е доставен. Не гледам дека е тука претставникот на Владата. Би побарал службите да проверат дали е тука и да присуствува.

Со оглед на тоа дека претставникот на Владата не е присутен, предлагам пауза од 15 миниути, па ќе продолжимње кога ќе дојде претставникот на Владата.

(по паузата)

Продолжуваме со работа, бидејќи претставникот на Владата е присутен, го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон дасе донесе поитна постапка.

Има збор министерот за здравство Имер Селмани.

Повелете министре.

**Имер Селмани:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници.

Уставниот основ за донесување на закон е содржан во член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, според кој Собранието на Република Македонија донесува закони. Неопходноста од потребата за донесување по итна постапка на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита се со Предлог на закон е заради постоење на проблеми во практичната примена на законот. По готово со донесувањето на последната одлука на Уставниот суд, меѓутоа и со пртходни одлуки донесени од страна на Уставниот суд се наметна една итна потреба за дополнување на овој закон со нов закон, заради практичната добра имплементација и корисната имплементација на Законот за здравствена заштита.

Имено, со законите за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита Службен весник на Република Македонија број 10/04 и 85/05 е дадена можноста деловите на јавните установи во кои се врши примарна здравствена заштита, стоматолошка здравствена заштита и фармацевтска дејност да се трансформираат во приватни и здравствени установи и тоа по пат на продажба на аптеките на јавни берзански аукции и издавање под закуп на просторот и опремата на аптеките за кои нема услови за продажба и издавање под закуп на просторот и опремата на делови од јавните здравствени установи во кои се врши стоматолошка здравствена заштита и примарна здравствена заштита.

Со измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита Службен весник на Република Македонија број 84/05 е утврдено дека одредени организациони единици од јавните здравствени установи во кои се врши итна медицинска и стоматолошка помош и домашно лекување, превентивна здравствена заштита на предучилишни и училишни деца, пренвентивна стоматолашка здравствена заштита на деца до 14 годишна возраст и делови на службите на медицина на трудот не можат да се издаваат под закуп и тоа согласно критериумите , кои министерот за здравство ќе ги пропише. Врз основа на на овластувањето во законот министерот за здравство донесе правилник за критериумите за утврдување на организационите единици во јавните здравствени установи кои не можат да се издаваат под закуп службен весник Република Македонија број 32/06 и број 4/07.

Врз основа на наведените прописи во Република Македонија од организационите единици во јавните здравствени установи во приватни здравствени установи се трансформирани вкупно, односно поединечно во примарната здравствена заштита 841 ординација со 1850 вработени. Во стоматолошката здравствена заштита 560 ординации со 1570 вработени. Во заботехничките

лабораторији 30 лабораторији со 61 техничар и во фармацевската дејност 89 аптеки со 774 вработени.

Во изминатиов период вкупно се трансформирани 1520 организациони единици, со 4255 вработени.

Уставниот суд на Република Македонија со одлука број 16/07 службен весник на Република Македонија број 86/07 го укина правилникот за критериумите за утврдување на организиционите единици и во јавните здравствени установи кои не можат да се издаваат под закуп службен весник на РМ број 32/06 и 4/07. Заради тоа што министерот за здравство не може со правилник да пропишува изборни критериуми врз основа на кои критериуми одредени делови на јавните здравствени установи не можат да се издаваат под закуп.

Тргнувајќи од ставот на Уставниот суд наведен во одлуката со цел да се заврши процесот на трансформација и исти критериуми под кои е вршена трансформацијата потребно е да се утврдат критериумите во Законот за здравствена заштита заради што се предлага и донесувањето и на овој закон. Со одлука број 28/07 Уставниот суд на Република Македонија ги укина членовите 3, 4 и 5 од законот за изменувње и дополнување на Законот за здравствена заштита службен весник на Република Македонија број 5/07 година, со кој беше утврдено прашањето за вршење на дополнителна дејност на здравствените работници само во здравствената установа во кој е вработен здравствениот работник, а не во друга здравствена установа.

Уставниот суд на Република Македонија со одлука број 42-2006 ја укина одредбата од член 153-л став 1 од Законот за здравствена заштита со тоа што не се содржани критериумите врз основа на кои може да се определува висината на трошоците поврзани со издавање, продолжување и обновување на лиценците кои лекарската, стоматолошката, односно фармацевската комора ги пропишува со општ акт , поради што постои проблем во практична примена на законот.

На крајот со одлука на Уставниот суд нна Република Македонија се поништи одлуката за поделба на јавната здравствена установа Медицински клинички центар и поради што се налага итноста во донесувањето на законот од практична гледна точка, затоа што здравствената заштита е уставна обврска на државата, континуирано право на граѓаните на Република Македонија и е е право коешто не трпи одлагање ниеден час, а камоли денови и недели. Исто така за да се обезбеди непречено вршење на образовната,научно-истражувачка дејност во рамките на медисинскиот и стоматолошкиот факултет при универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје од една страна а здравствената дејност во универзитетските клиники оодносно во Универзитетскиот клинички центар од друга страна, се предлага да се утврди начинот на обезбедувањ на функционална целина на здравствената, образовната и научна истражувачката дејност и согласно потребите на медицинскиот односно стоматолокоит факултет за спроведување на студиските програми.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овие се итните причини односно причините заради итноста по кои е и предложен овој закон по итна постапка да се донесе. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за предлогот гласаа 53, воздржани нема, против гласаа 15 пратеници.

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (1)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

Вкупно гласаа еден пратеник за предлогот.

По предлогот на Владата вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за предлогот гласаа 54, воздржани нема, против гласаа 15.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратеникот Илија Димовски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог на одлука за дополнување на одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Го молам пратеникот Илија Димовски да ја образложи итната и неодложна потреба предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе

Почитувани колеги пратеници.

Дополнувањето на дневниот ред со предлог одлуката за дополнување на одлуката за основање делегации и пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија се предлага во функција на соодветен и правилен избор на персоналниот состав на постојните делегаци. Истовремено само делегацијата во Парламентарното Собрание на Медитеранот досега немаше заменици членови на делегацијата во споредба со другите постојани делегации. Заради поефикасно остварување на своите активности во доменот на редовните активности во ова меѓународно парламентарно Собрание, предлагам и делегацијата во парламентарното Собрание на медитеранот да има заменици членови. Поради фактот што

процесот на договарање помеѓу пратеничките групи за персоналниот состав на делегациите во полн ек, цениме дека е неопходно оваа одлука да се стави на дневен ред на втората седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Илија Димовски Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници. од нив за предлот гласаа 80 пратеници, воздржани нема, против нема.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака.

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

Нема ни за, ни воздржан, ни против, не гласаше никој.

Со оглед на тоа вкупно гласаа по предлогот на пратеникот Илија Димовски, гласаа 80 пратеници, од нив за предлогот гласаа 80 пратеници. Од гласањето не се воздржа никој и нема никој против.

Констатитрам дека предлогот на пратеникот Илија Димовски е усвоен .

Според тоа за седницата го предлага следниот дневен ред:

1.Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2.Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

3.Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

4.Предлогот на одлука за дополнување на одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија;

5.Предлог на одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија;

6.Предлог на одлука за изменување и дополнување на Законот за здравствена та заштита;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? Нема.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници ,од нив за предлогот гласаа 66, од гласњето се воздржаа 0 пратеници, а против гласаа 14 пратеници.

Молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Молам кој е за предлогот да крене рака? (еден)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

Вкупно гласаа еден пратеник и тој е за.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 81 пратеник. Од нив гласаа за 67, нема воздржани, а против гласаа 14.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на верификационата комисија ви е поделен.

Отварам претрес по извештајот на Верификационата комисија.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

На гласање го ставам Извештајот и Предлогто на Верификационата комисија за верификација на мандатите на пратениците Емилијан Станковиќ, Стојче Крстесски и Хисеин Џемаили.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеници и тоа сите гласаа за.

Го молам претседателот и членовите кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по извештајот и предлогот на Верификационата комисија со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака.(еден)

Дали има некој воздржан?(нема)

Молам , кој е против?(нема)

Вкупно гласаа 84 пратеници, од нив сите гласаа за.

Констатирам дека извештајот и предлогот на Верификациона комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Емилијан Станковиќ, Стојче Крстески и Хисен Џемаили. Им честитам и им посакувам добра работа.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретедатели на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлука ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (нема)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлука го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 87 пратеници и сите гласаа за.

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот на одлуката со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (еден)

Нема воздржани и нема против.

По предлогот на одлуката вкупно гласаа 88 пратеници и сите гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за утврдување на бројот на потпретседатели на СОбранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?(никој)

Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот.

Ве молам, 5 минути пауза бидејќи имам сознанија од службите дека имало амандан по предлогот на одлуката. Така ме известија од службата сега дека имало амандман, па еве давам 10 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,22 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Со оглед на тоа дека имаше поднесено амандман, отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Патеникот Лилјана Поповска поднесе амандман на член 2 точка 19 став 2 алинеја 1 по кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 19 став 2 алинеја 1, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Молам еден од предлагачите да се произнесе.

Има збор Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Амандманот кој што го достави госпоѓата Лилјана Поповска беше во консултација со повеќето потписници. Сметаме дека потребно е во надлежностите на Комисијата да бидат ставени зборовите "семејството и грижата за децата", меѓутоа тоа ќе биде разгледувано исто така од родов аспект. Значи нема да се навлегува во работата на Комисијата за труд и социјална политика. Само едно кратко објаснување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед дека амандманот е прифатен, амандманот е составен дел на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеника, за гласаа 82, еден против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на одлуката со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?

Еден.

Против и воздржани нема.

По Предлогот на одлуката вкупно гласаа 84 пратеника, 83 за, еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеници, сите гласаа за.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на одлуката со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака?

Еден.

Против и воздржани нема.

По Предлогот на одлуката вкупно гласаа 83 пратеника. Сите гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор Топузова-Каревска Роза.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

На почетокот би сакала на колегите пратеници да им го честитам изборот за пратеници, а исто така и вам да ви честитам за изборот за претседател. Се надевам, ќе останете доследен на себе си и ќе го почитувате и ќе настојувате да го реализирате она што го кажавте при вашиот избор за претседател.

Со оглед на тоа дека секогаш сум се залагала Собранието да го има местото кое што му припаѓа според Уставот, а и вие рековте дека ќе го направите Собранието храм на демократијата, не би сакала една ваква одлука да остане незабележана.

Секогаш се залагав да имаме самостојно Собрание, да се одлучува самостојно, а меѓу другото, мораме да признаеме дека е многу важна и финансиската самостојност на Собранието.

Токму поради тоа сметам дека оваа одлука е од големо значење за Собранието. Се надевам дека многу брзо ќе профункционира овој совет што ќе придонесе за поголема финансиска автономија и со успешно функционирање на овој совет, иако Буџетот на Собранието претставува дел од државниот буџет, сепак ќе може да се воспостави внатрешна и надворешна буџетска контрола.

Се надевам дека многу брзо, доколку успешно функционираме, барем во финансиска смисла ќе се стремиме да ја достигнеме автономијата на Белгискиот и Канадскиот парламент.

Токму поради ова што го кажав, ќе ја поддржам оваа одлука. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам и јас.

Има збор Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Морам да го искажам задоволството во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, посебно на колегите пратеници кои беа и во претходниот состав и двајца пратеници кои сме веќе трет пат во Собранието и почитуваните колеги кои веќе повеќе пати се во Собранието, единствено прашање околу кое што нема разлика верувам меѓу сите пратеници, тоа е овој демократски чекор што го прави Собранието на Република Македонија со денешната Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија.

Морам да го пофалам и претседателот на Собранието, се гледа дека имаме пратеник кој многу добро знаел што е тоа што му треба на Собранието на Република Македонија, а сега наш претседател, да му посакаме навистина успешна работа. И понатаму да ги штити интересите на пратениците и на овој законодавен дом и да придонесе во развојот на демократијата,најпрво внатре во Парламентот на Република Македонија, бидејќи со буџетското осамостојување, со тоа што сите заедно ќе го креираме Буџетот на Собранието на Република Македонија, на тој начин, со осамостојувањето на Буџетот на Собранието, верувам дека ќе се намали и досегашната огромна зависност од извршната власт.

Не за џабе, сите заедно бевме во Вилтон Парк и имавме шанса, покрај тоа што секојдневно имавме напорна работа овде во Собранието, таму да разговараме за едно единствено прашање, на кој начин да го подобриме работењето на Собранието на Република Македонија и еве, ова е шанса да го започнеме она што сите заедно си го ветивме во претходниот мандат, да го продолжиме сега, а верувам и колегите по нас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 84 пратеници, за гласале 83, против нема, воздржано гласал еден пратеник.

Ги молам претседателот и члековите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на одлуката со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака?

Еден пратеник.

Нема воздржани, нема против.

По Предлогот на одлуката вкупно гласаа 85 пратеници, од кои 84 гласале за, а еден воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита**

Предлогот на закон Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор министерот за здравство Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита од 2004 година, за прв пат во областа на здравството на Република Македонија е дадена можност на трансформација на делови од јавните

здравствени установи по пат на приватизација на аптеките, по пат на продажба, трансформација на организационите единици, аптеки и стоматолошки ординации, по пат на издавање под закуп на простор и опрема во јавните здравствени установи.

Издавањето под закуп се вршеше под следните услови. Закупецот, односно закупците кои, како основачи требаше да основаат приватна здравствена установа за вршење на истата дејност, да ги преземат вработените во таа организациона единица, да склучат договор за закуп и плаќаат закупнина според општиот акт што го донесува министерот за здравство, односно Министерството за здравство. Закупецот да не може да ја промени дејноста на работната единици ниту да ја издава во подзакуп.

Овие организациони единици се издаваат под закуп на еден или повеќе здравствени работници со високо образование, дипломирани фармацевти, доктори на стоматологија, како носители на дејноста фармација, односно стоматологија со приоритет на вработените во тие организациони единици. Издавањето под закуп се вршеше врз основа на програми што по предлог на јавните здравствени установи ги донесуваше министерот за здравство и по пат на конкурс за издавање под закуп што ги распишуваше и спроведуваше здравствената установа чии делови се издаваат под закуп. Врз основа на програмата и пријавите на конкурсот, министерот за здравство донесуваше решение за издавање под закуп за секоја ораганизациона единица и се склучуваше договор за закуп.

На закупците и на работниците кои тие ги преземаат во приватната здравствена установа, со денот на основањето на приватната здравствена установа односно со нејзиниот упис во Централниот регистар им престанува работниот однос во јавната здравствена установа.

Закупецот на аптеката или стоматолошката ординација плаќа закупнина со намена на развој и инвестиционо одржување на објектите и опремата издадени под закуп, според општиот акт што го донесува министерот за здравство.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита од "Службен весник" број 84/05 е проширен кругот на организационите единици кои можат да се трансформираат по пат на издавање под закуп. И тоа, стоматолошката здравствена заштита и примарната здравствена заштита, општа медицина, педијатрија, гениколoгија, училишна медицина и медицина на трудот, како избрани лекари.

Во став 4 на членот 200-К е определено кои организациони единици не може да се издаваат под закуп. И тоа: организациони единици кои вршат итна медицинска и стоматолошка помош и домашно лекување; превентивна здравствена заштита на задучилишни и училишни деца; превентивна стоматолошка заштита на деца до 14-годишна возраст и делови од слжбите на медицина на трудот, според критериуми што со општ акт ги утврдува министерот за здравство.

Министерот за здравство донесе Правилник за начинот на издавање под закуп и за утврдување на висината на закупнината и Правилникот за критериумите и за утврдување на организационите единици во јавните здравствени установи кои не може да се издаваат под закуп.

Според овие измени на Законот, Програмата за спроведување на законот ја подготвува и донесува здравствениот дом на кој што министерот за здравство дава согласност. Исто така, решенијата за закуп ги издава здравствениот дом, кој потоа, со закупците склучува и договор за закуп.

Министерот за здравство донесува решение за исполнување на услови за основање на приватни здравствени установи и дозволи за работа за тие установи.

Со членот 200-О од Законот е определено дека на закупците кои добиле закуп и основале приватна здравствена установи и на работниците кои тие ги презеле во приватната здравствена установа им престанува работниот однос во јавната здравствена установа.

Измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита од 2004 и 2005 година со комплетно имплементирани во практика. Така, врз основа на наведените прописи во Република Македонија, од организационите единици во јавните здравствени установи, во приватни здравствени установи се трансформирани: во примарната здравствена заштита 841 ординација со 1850 вработени; во стоматолошката здравствена заштита 560 ординации со 1570 вработени; во техничките лаборатории 30 лаборатории со 61 техничар и во фармацевската дејност 89 аптеки со 774 вработени. Во изминатиот период, вкупно се трансформирани 1520 организациони единици со 4255 вработени.

Уставниот суд на Република Македонија, со Одлука број 16-07, "Службен весник" број 86/07 во укина Правилникот за критериумите за утврдување на организационите единици во јавните здравствени установи кои не може да се издаваат под закуп "Службен весник на РМ" број 32/06 и 4/07, заради тоа што министерот за здравство не може со правилник да пропишува изворни критериуми врз основа на кои одредени делови од јавните здравствени установи не може да се издаваат под закуп.

Според Уставниот суд, станува збор за прешироко, односно надвор од Устав и закон искористено овластување, што значи навлегување на извршната во законодавната власт, со што се повредува принципот на поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Исто така, според Судот, со актите што ги донесува министерот во функција на извршување и разработка на одделни одредби од законите, не може за граѓаните и другите правни лица да се утврдуваат права и обврски.

Во Одлуката за укинување на Правилнокот, Судот воопшто не се впуштил во оценка на определбата, односно одредбата за трансформација од член 200-К од Законот, ниту пак во одредбата од ставот 4 на истиот закон што предвидува да се утврдат критериуми според кои ќе се изврши таа трансформација.

Тргнувајќи од ставот на Уставниот суд наведен во Одлуката, со цел да се заврши процесот на трансформација по исти критериуми под кои е вршена трансформацијата, потребно е да се утврдат критериумите во Законот за здравствена заштита. Значи, место правилник да има законот со критериуми.

Исто така, потребата од менување на законот произлезе и од Одлуката на Уставниот суд број 28/07 со која се укинуваат членовите 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита со кои беше уредено прашањето за вршење на дополнителна дејност на здравствените работници, односно во друга здравствена установа и Одлуката на Уставниот суд број 241/2007 година.

Со Законот, чие донесување се предлага денеска, ќе се постигнат повеќе цели:

Ќе се определат истите критериуми според кои одредени организациони единици, како делови на јавните здравствени установи во кои се врши примарната здравствена заштита и стоматолошката здравствена заштита нема да се издаваат под закуп.

Ќе се создадат услови нивната примена да не претставува основ за нарушување на еднаквоста на граѓаните на Република Македонија, како крајни корисници на здравствената заштита, како и положбата на вработените во јавните здравствени установи.

Процесот на трансформацијата ќе се дозаврши под истите критериуми што до сега беа пропишани со Правилник.

Со член 1 од Предлогот со што се врши дополнување на член 91 став 2, според кој Владата на Република Македонија може да основа и да престане со одлука јавна здравствена установа и се додава нов, според Одлука за статусните промени, припојување, спојување и поделба на установите од член 2 на овој член, Владата на Република Македонија донесува, согласно потребите на населението на здравствената заштита и условите по однос на просторот, опремата и кадрите утврдени со овој закон.

Со член 2 од Предлогот, со што се врши дополнување на член 93 со нов став, според кој дозволата за работа на здравствената установа ќе ја одзема за период од 6 месеци и во случај ако овозможи на здравствен работник да укажува здравствени услуги, како дополнителна дејност, спротивно на член 115 на овој закон, се врши дополнување на законот, согласно на Одлуката на Уставниот суд.

Со членовите 3 до 6 се предлага дополнување на законот во однос на клиниките како вид на здравствена установа.

Така, се предлага називот на клиниката да се дефинира како Универзитетска клиника со оглед на тоа дека во нив се врши образовна и научна дејност. За да се обезбеди непречено вршење на образовната и научно-истражувачката дејност во рамките на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет, од една страна, и во клиниките односно Клиничкиот центар од друга страна, во член 5 од Предлогот на законот се предлага наставниците кои имаат засновано работен однос со скратено работно време на Медицинскиот односно Стоматолошкиот факултет да засноваат работен однос со скратено работно време до полното работно време и во Универзитетската клиника односно во Универзитетскиот клинички центар. Условите според кои се врши поделбата на работното време е да се постигнува полно работно време определено со законот. Се предлага да се определуваат во спогодбата за распределбата на работното време кое се склучува меѓу Универзитетската клиника односно Универзитетскиот клинички центар и Медицинскиот односно Стоматолошкиот факултет.

На овој начин ќе се обезбеди функционална целина на здравствената, образовната и научно-истражувачката дејност и согласно потребите на Медицинскиот односно Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми.

Меѓусебните односи во вршењето на наведените дејности Универзитетската клиника односно Универзитетскиот клинички центар и Медицинскиот односно Стоматолошкиот факултет ги уредуваат со договор.

Со членовите 7 и 8 се предлага наместо здравствените уставнови, видот и начинот на користење на работната облека за вработените да ја пропише министерот за здравство, за да се обезбеди воедначување на сите здравствени установи односно да нема шареноликост во користењето на работната униформа во различните здравствени установи.

Со членот 9 се предага да се додаде нов член 114-а според кој здравствените установи ја вршат здравствената дејност за која има дозвола за работа на начин што го пропишува министерот за здравство.

Со членот 10 од законот се менува член 137 од постојниот закон и се предвидува можноста за едното лице кое ќе биде именувано за директор, покрај високото образование од областа на медицинските или стоматолошките науки, да може да се именува и лице со завршено високо

образование дипломиран логопед, односно специјалист по медицинска биохемија, со оглед на природата, дејноста што ја врши здравствената установа, Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас и Институтот за клиничка биохемија.

Со член 12 од Предлогот се заменува член 153-л од постојниот закон, со кој се утврдуваат основните критериуми за утврдување на трошоците поврзани со издавање, продолжување и обновување на лиценцата која лекарската, стоматолошката односно фармацевската комора ги пропишува со општ акт на која министерот за здравство дава согласност.

Со член 13 со кој се додава нов член 155-а се воспоставува Комората на здравствените работници со средно, више и високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фарамцијата, во која се здружуваат здравствените работници со средно, више и високо стручно образование заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената установа, заштита на интересите на својата професија, следење на односот кон пациентите. Комората има својство на правно лице и донесува статут, кодекс на професионалните етички должности и права, формира суд на честа и други помошни тела и донесува други акти за начинот на работењето на Комората.

Со членовите од 14 до 19 се врши терминолошко усогласување со Законот за управување со кризи.

Со член 20 од Предлогот се врши измена на член 182 став 1 точка 12-а од Законот заради усогласување со законот, што произлезе од Одлуката на Уставниот суд број 28од 2007 година.

Со член 21 се менува постојниот член 4 на член 200-к и се утрдуваат критериумите според кои под закуп не може да се издаваат организациони единици во јавните здравствени установи што вршат хитна стоматолошка помош, превентивна здравствена заштита за предучилишни и училишни деца, поливалентна патронажа, стоматолошка заштита на деца до 18 годишна возраст и медицина на трудот. Како критериуми се предлагаат одреден број на население на подрачјето на јавната здравсвена установа и групи на население според возраст. Врз основа на овие критериуми се утврдува бројот и составот на медицинските тимови, критериумите произлегуваат од медицинската и стоматолошката пракса, односно за тоа колку еден лекарски и стоматолошки тим треба да има пациенти за да може да биде рационално искористен и да укажува квалитетни здравствени услуги.

Со член 22 со кој се менува член 45 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, Службен весник број 10 од 2004 година, се предлага здравствените работници со високо образование кои запишале студии од областа на медицината односно стоматологијата до денот на влегување на сила на овој закон и кои стручниот испит ќе го положат најдоцна до 31.12. 2010 година да се смета дека имаат лиценца за работа, а рокот на важноста на лиценците за работа започнува да тече од денот на положувањето на стручниот испит.

Со членот 23 се уредуваат основачките права на постојните јавни здравствени установи основани од Собранието на Република Македонија до денот на влегување на сила на овој закон и истите ги превзема Владата на Република Македонија од денот на влегување на сила на овој закон.

Одлуката за статусни промени, припојување, спојување и поделба на јавните здравствени установи Владата на Република Македонија ги донесува согласно потребите на населението од здравствена заштита и условите во однос на просторот, опремата и кадрите утврдени со овој закон. Со денот на влегување на сила на Одлуката на Владата на Република Македонија престануваат да важат основачките акти на јавните здравствени установи основани од Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Петров Андреј.

**Андреј Петров:** Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Би сакал да го кажам нашиот став, ставот на СДСМ и некои мои гледања на ова што како измена на законот денес се нуди. Прво би зборувал и за формата, меѓутоа, и за содржината на овој закон.

Итноста на законот и она што денес се става кај нас на расправа без комисиска расправа мислам дека е нешто што навистина не става во дилема, бидејќи се прескокнува една многу важна форма, а тоа е формата на давање сугестии во однос на овој закон. Образложението кое се нуди, кое тука се дава, а беше исцрпно од страна на министерот претставува само на некој начин обид цела една серија на институции од здравството основачките права од Собранието да се префрлат на Владата на Република Македонија. Мислам дека со тоа целосната одговорност за превземањето на институциите од Собранието како основач и сите последици што ќе следат ќе паднат на товар на Владата на Република Македонија.

Големата дилема која се отвора кај многумина граѓани, пациенти и дел од корисници на здравствените услуги е дали со тоа се решава проблемот или повторно се креира еден нов проблем и недоволното образложение и начинот на кој овој закон се става пред нас навистина дава за право на сите оние кои кажуваат дека денес пред нас имаме една можност Собранието да го лишиме во иднина од секое влијание во

креирањето на здравствениот систем во Република Македонија.

Во долг дел од говорот министерот зборуваше за закупот, за одлуките на Уставниот суд и сето она што како мотив веројатно го имаат, меѓутоа, суштината која тука стои пред нас е дека ние како Собрание на Република Македонија ги препуштаме основачките права на сите здравствени институции во земјата на Владата. Со тоа отвораме можност секоја недела или секои две недели или по можност како што ќе утврди Владата да се менува содржината и структурата на здравствениот систем во Република Македонија.

Како човек кој работел десетина години во клиничкиот центар сакам да искажам отворено и категорично не согласување со начинот на кој се создава во оваа здравствена институција поделба на 32 клиники и со тоа се потврдува онаа лоша одлука од пред година дена која во пракса се покажа дека не е прифатлива ниту од пациентите ниту од оние кои ги даваат услугите. Неразбирливо е дури и оние мали клиники кои постојат таму во тој круг, самите имаат управни одбори, да распишуваат тендерски постапки кога трендот секаде е на групирање на овие процедури и потпирање на администрацијата, која и така е на товарот на граѓаните. Голем број од оние пациенти кои изразуваа несогласување и незадоволство од начинот на функционирање на Клиничкиот центар во целиот овој период ќе имаат тешки години пред нив со кои ќе можат да се соочуваат со префрлање на топкат од една на друга институција и сето она што ќе се случува во услови на изолирани клиники со кои ќе сака да раководи одредена група на луѓе.

Делот на решенијата кои се однесуваат во однос на коморското работење, членот 155-а, исто така, мислам дека се мала врата на создавање паралелни институции, бидејќи она што е важно во овој момент да се каже е дека нам ни треба јакнење на постојните еснавски здруженија, отворање можност за организирање и на другите чинители во здравствениот процес, меѓутоа, никако отворање на можноста за создавање паралелни институции.

Исто така, може да се каже дека делот во кој практично се сака со образложение на Владата да се каже дека поради Одлуката на Уставниот суд и она што се случува во Клиничкиот центар, неопходно е донесување на овој закон, мислам дека не држи, бидејќи овој закон повторно ќе биде под лупата на Уставниот суд бидејќи Клиничкиот центар е формиран со одлука на Собранието на овој начин на кој е во 1996 година и за негово расформирање треба таа одлука да биде повлечена од страна на оној кој ја донел. Вака со една генерална ан блок одлука со мотив Клиничкиот центар да функционира ние ќе создадеме можност за дополнителен хаос во здравствениот сектор. Се разбира, во овој закон има некои членови кои можат да значат подобрување на работата во делот на закупот, за кој зборуваше министерот, во делот на скратеното работно време, значи наставниците, што ќе овозможи на некој начин едно модерно здравство во кое оние луѓе кои значат најмногу во фелата можат да го дадат својот придонес на неколку места, меѓутоа, начинот на кој тоа се прави мислам дека ги девалвира и овие добри решенија кој законот ги има.

Затоа, ставот на СДСМ кој кореспондира и со мислењето на голем број на стручната јавност на забелешките на еснафските здруженија дека ваков закон во ваква процедура понуден од техничка влада нема можност да биде прифатен и ние ќе гласаме против со оглед дека последиците кои ќе настанат од него ќе значат дерогирање на Собранието од било каква функција во делот на здравството. Се поставува прашањето тогаш што ќе му е на Собранието и Комисија за здравство и овој дел на активности ќе бидат целосно префрлени на Владата на Република Македонија, што отвора можност за многу злоупотреби во иднина.

Се обидов да бидам краток, но исто така сакам да истакнам дека ризикот кој се презема ќе падне на товар на Владата, но во делог на оние решенија кои може да значат и подобрување во делот на лиценците, сакам да додадам уште една работа дека товарот неоправдано ќе падне за оние административни процедури на товар на оние кои ќе ги бараат наместо на сметка на Министерството. На тој начин, здравствените работници кои живеат од оној скромен здравствен денар кој го добиваат ќе бидат изложени на дополнителен трошок треба да се размисли товарот за тие административни процедури да падне на сметка на Министерството за здравство.

Исто така, рокот најдоцна до 31.12.2010 година дека стручниот испит ќе се смета за лиценца мислам дека треба да се пролонгира бидејќи оние луѓе кои се запишале на факултет во 2005, 2006, 2007, 2008 година нема да го завршат до 2010 година и мислам дека со тоа условите со кои влегле во школувањето се разликуваат од условите кои ги затекнуваат на 31.12.2010 година.

Исто така, може да се каже дека овој закон не ја тангира воопшто одлуката на Уставниот суд и не се произнесува за нов начин на давање на можност на здравствените работиниц за дополнителна работа и мислам дека за тоа треба да се размисли бидејќи се работи навистина за нешто што е од суштинска важност за здравствениот процес.

Јас ви благодарам на вниманието, веројатно ќе бидеме сведоци во иднина на многу брзо менување на структурата на здравствените институции меѓутоа, одговорноста повторно паѓа на товар на Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Само мало појаснување. Министерот веројатно се има пријавено за реплика. Ако се работи за реплика друг пат да знаете, бидејќи е нов систем на пријава сега, за реплика треба да притиснете на жолтото копче и тоа се прикажува кај мене.

Реплика има министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Морам некои објаснување да дадам од практична гледна точка затоа што претпоставувам дека пратеникот или не до крај ги имаше забележано измените или компарирано со постојниот закон кој што се менува.

Да почнам од последното: стоматолозите и медицинарите кои запишале факултет до 2004 година, значи не до 2006 и 2007 година па да имаат рок до крајот на 2010 година. Тие што се запишале на факултет до 2004 година, ако до крајот на 2010 година дипломираат, го положат стручниот испит, ќе се смета дека имаат лиценца за работа. Тоа е првата работа.

Втора работа, околу основачките права. Во Република Македонија сите здравствени установи, зборувам за јавните здравствени установи, се основани од Владата на Република Македонија. Законот е донесен 2004 година. По тој закон е направена трансформација на поранешната Градска болница, што била целина заедно со сегашната специјална Гинеколошка болница во Чаир, по тој принцип биле направени трансформации на сите бањи, на сите аптеки, итн, кои веќе се приватизирани. Единствен правен субјект кој што е основан од Собранието е Универзитетскиот клинички центар. Сите општи болници, сите специјални болници по овој закон по основа на овој закон, Владата на Република Македонија ги има трансформирано после 2004 година, така што почитувани пратеници воопшто нема да се направи промена на основачките права, освен во случајот за Универзитетскиот клинички центар, затоа што, од друга страна, Владата на Република Македонија и согласно овој закон е таа која ги утврдува членовите на Управниот одбор, Владата на Република Македонија исто така е таа која преку соодветни финансиски средства, дали преку Фондот за здравствено осигурување или Буџетот на Република Македонија, се грижи за функционирање, дали преку Министерството за здравство се грижи за функционалноста и спроведување на законите во здравствените установи и во Клиничкиот центар. Така, делот на одговорноста во ниедна мерка нема да се зголеми повеќе од она што е сега актуелно, затоа што и сега целата одговорност над работењето и функционирањето на здравствените установи ја има основачот односно Владата на Република Македонија во сите здравствени установи, освен после одлуката на Уставниот суд во Универзитетскиот клинички центар.

Уште еднаш да потсетам дека во изминатиот период по истиот закон од 2004 година се направени трансформации на Градска болница, на Специјалната болница за болести во Козле, направени се промени на Специјалната гинеколошка болница и на сите бањи кои се веќе приватизирани, исто така и аптеките кои се веќе приватизирани.

Во однос на ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, времето измина за реплика.

Контра реплика има пратеникот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Би сакал само да напомнам уште еднаш, мене ми е јасно дека тие што се до 2004-та година ќе имаат можност тоа да го направат, но што со оние во 2005, 2006 и 2007 година кои стартувале со едни услови кога се запишале сега наеднаш се менуваат условите. Значи тоа треба да важи за сите оние кои запишале значи факултет во моментот на донесување на овој закон. Исто така сакам да кажам дека оние институции кои се направени со одлуката за формирање на Универзитетскиот клинички центар е со одлука на Собранието во 1996 година и дека без повлекување на таа одлука од страна на истото ова Собрание мислам дека ќе се остварат можности за да се оспори овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор пратеничката Роза Топузова-Каревска.

Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас нема многу да одземам од времето затоа што јасна е целта за која што баш денес го имаме овој закон пред нас, зошто не се почека да се формира новата Влада. Точно е дека покрај одлуката за укинување на одлуката од Владата на Уставниот суд за трансформација на Клиничиот центар имаме укинување од страна на Уставниот суд и на други одлуки, меѓутоа мора да признаеме дека тие одлуки не се донесени сега туку се донесени поодамна и доколку беше потреба ваков закон тоа можеше да се направи порано, односно пред распишувањето на изборите, или пак во овој случај можеше да се почека и откако ќе беше формирана новата Влада да се донесе еден ваков закон. Со оглед на тоа што новиот министер за здравство ќе има поинаква концепција не само околу трансформацијата на Клиничкиот центар туку и околу некој други решенија кои што се нудат со овој предлог на закон.

Морам да признам дека со овој Предлог на закон има и добри решенија како што е решението за закупот и уште неколку, меѓу другото и решението кое што е понудено во членот 10 односно во членот 137 став 2 по зборот “ науки” да се додаде “или високо образование, специјалист по медицинска биохемија'“.

Но тука јас ќе морам да укажам дека токму ваков амандман имаше поднесено од наша страна. За жал тогаш тоа не беше имплементирано во законот, но добро е што некој ги следел законите и компаративните искуства од соседните земји и

понудил амандман кој што навистина може да биде применлив.

Што се однесува до трансфирмацијата на Клиничкиот центар мислам дека присутна е тендецијата која продолжува за целосно разнебитивање на Клиничкиот центар и таа беше приоритет на Владата и покрај укажувањата на Уставниот суд се продолжува и понатаму со една постапка која што постапка нуди огромни дилеми дали токму денес мораше на ваков начин да се донесе законот пред да имаат можност пратениците да дебатираат на работното тело и со тоа да дадат свои сугестии, а можеби и амандамни за да можеме да делуваме на измените на законот се со една единствена цел тој да биде што е можно подобро имплементиран и секако пред се во функција на оние кои што најмногу се засегнати. Тоа се давателите на здравствените услуги, а секако и корисниците, пациентите.

Функционирањето на Клиничкиот центар односно сега Клиниките по неговата трансформација се покажа дека не е добро ниту од финансиски аспект, јас не би навлегувала во другите аспекти затоа што за тоа се говореше многу на пленарната седница во Собранието и беше доволно образложено, туку само ќе кажам дека се покажа нефункционално ниту за оние што ги даваат здравствените услуги, од друга страна се постигна поголемо оптоварување како на администрацијата во Клиничкиот центар така и на финанските средства. Знаеме дека секоја клиника формира свои управни одбори, имаме два директора, итн. итн, можност за вработување и згрижување на многу партиски кадри. Меѓутоа, мене најмногу ми пречи што целата оваа трансформација се одрази кај пациентите. Сите ние знаеме, следевме и од медиумите што се случува во времето на трансформацијата на Клинички центар и како пациентите се препраќани од една до друга клиника односно дури и враќање назад до матичниот лекар за да можат да си обезбедат она што според Уставот им следува, здравствената заштита.

Не би навлегувала понатаму на образложенијата на останатите членови, иако имам дилеми околу членот 15, зборувам за постојниот закон, со кој што се регулира дополнителната дејност. За дополнителната дејност многу беше говорено во претходниот мандат, токму тогаш кога се укина можноста здравствените работници односно докторите да вршат дополнителна дејност во друга здравствена установа.

И тогаш Владта остана на својот став, не ги прифати амандманите, не ги прифати сугестиите, меѓутоа Уставниот суд ја поништи таа одлука, сепак за доброто пред се на пациентите и им овозможи на лекарите да вршат дополнителна дејност.

Можеби кога веќе Уставниот суд ја поништи оваа одлука можеше сега да се посвети малку поголемо внимание на члено 15-А од постојниот закон, не од овој што сега ни е предложен и да се воспостават точни критериуми кои што ќе бидат секако во корист и на давателите на услугите, а секако и на корисниците на овие здравствени услуги односно пациентите.

Од ова што досега го кажав нема да дадам поддршка на овој Предлог на закон и ќе го изразам на крај стравувањето дека навистина разнебитувањето на Клиничкиот центар во годините што следат ќе се покаже дека е погрешно и дека не е добро пред се за пациентите.

На крај, јас немам ништо против за тенденцијата на Владата да се основа Клинички центар во Тетово, но поради тоа не мораше да се разнебити Клиничкиот центар во Скопје. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор пратеничката Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Со оглед на фактот на неопходноста на побрзото донесување на овој закон и со цел да не се повторувам со почитуваниот министер за здрвство јас ќе бидам навистина многу кратка и нема да говорам за другите придобивки што се нудат во овие предлог измени на законот, само би сакала да назначам еден сегмент од овие измени на Законот за здравствена заштита за кој што сметам дека е исклучително значаен.

Јас би сакала да го прочитам повторно, за да бидам појасно, членот 22 од Предлогот на измените на Законот за здравствена заштита кој гласи: “Член 45 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита “Службен весник на Република Македонија” број 10/4 се менува и гласи: “Здравствените работници со високо образование кои што запишале студии од областа на медицината односно стоматологијата до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита “Службен весник на Република Македонија” број 10/04 и стручниот испит ќе го положат најдоцна до 31.12.2010 година ќе се смета дека имаат лиценца за работа, а рокот на важноста на лиценцата за работа започнува да тече од денот на положувањето на стручниот испит”.

За што станува збор?

Во претходниот пратенички состав јас и дел од моите колеги што се во Собранието примивме претставници на група на голем број на млади доктори и стоматолози кои што јасно апелираа до нас за проблемите кои што ги затекнале со измените на Законот за здравствена заштита 2004 година.

Од мое лично име, од името на сите тие млади доктори, стоматолози би сакала да се заблагодарам за слухот што го имаше Владата и почитуваниот министер за здравство за

решавањето на нивниот проблем, а воедно однапред би сакала да се заблагодарам на сите колеги кои што ќе гласаат за овие измени на закон, затоа што со сето тоа ќе придонесеме за подобрување на иднината и просперитот на голем број млади доктори и стоматолози. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор пратеничката Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ќе говорам зошто Клиничкиот центар треба да остане целина, односно не треба да се дели на посебни единици.

Потекнувам од примарната здравствена заштита и реално сум се судирала со проблеми поради разедување на Клиничкиот центар. Кога матичниот лекар ќе упати пациент од провинција со специјалистички упат од соодветна клиника, често пати е потребно да се направат дополнителни следувања, поради што пациентот мора да се врати во сопствениот град за да земе друг упат од матичниот лекар, бидејќи му е ускратено правото, односно не може да му се издаде интерклинички упат.

Тоа значи губење време за пациентот, тоа значи поголеми трошоци за пациентите, поголемо отсуство од работа и на крај, големо малтретирање, посебно за тешко болните. Исто така, не е добро и за матичните лекари, бидејќи се принудени да издаваат поголем број на специјалистички упати. Затоа, за да се изврши еден преглед, за еден пациент, за една дијагноза е големо малтретирањето и за пациентите, но и трошоци за нив, а исто така и за матичните лекари, поголемиот број на издавање упати, тоа не е добро. Се одразува на приватните здравтвени установи.

Поради овие причини нема да гласам за Предлогот на закон за измена и дополнување на Законот за здравствена заштита. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Ви благодарам претседателе.

Најнапред, сакам да укажам на членот 177 од Деловникот, бидејќи Комисијата за здравство во овој момент е ускратена од давање мислење по однос на Предлогот на закон.

Она што сакам да го кажам, а се наоѓа во образложението на Предлогот на законот е дека според Уставниот суд, станува збор за проширено, надвор од Уставот и закон, искористено овластување што значи навлегување на извршната во законодавната власт, со што се повредува принципот на поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска. Така што, во овој момент, навистина, од една страна, почитуваниот господин министер го предлагаше законот, а од друга страна во ист момент гласаше Предлогот на закон да биде точка на дневен ред.

Кои се причините за донесување на Предлогот на законот, се наведува дека има постоење на проблеми во практичната примена на законот, што воедно не се издржани, поткрепени и истите се задоцнети веќе подолг временски рок.

Со укинувањето на Предлогот за користење на критериумите за утврдување на организационите единици во јавните здравствени установи што не можат да се издаваат под закуп, “Службен весник” број 32/06 и 4/07 овој Правилник е укинат со Одлука на Уставниот суд, некаде точно пред една година, во 2007 година. Со ова се нанесе штета на голем број здравствени работници, кои иако укажуваа на грешките во начинот на концесионерството, Министерството за здравство упорно ја спроведуваше одлуката, односно упорно го спроведуваше Правилникот.

Така, се поставува прашањето, бидејќи тогаш некој си го зел правото да е надвор од Законот и Уставот, што ќе се случи со сите оние кои не требале да бидат приватизирани и дали истите ќе се вратат на своите работни места, бидејќи голем број од нив имаат поведено судска постапка.

И, дали, согласно, сега законските решенија, ќе имаме нови вработувања, а некои од стоматолозите ќе заминат во приватната пракса?

Исто така, иако имаше голем број укажувања дека членовите што се укинаа се поврзани со дополнителната работа на лекарите, кои во голема мера тогаш беа популистички и против работата на лекарите, денеска се покажа дека се неисправни и грешат.

Уставниот суд ја укина и одредбата од членот 153-Л во врска со коморите.

За крај, Уставниот суд ја поништи Одлуката за поделба на Универзитетскиот клинички центар, поради што е наведена итноста за донесување на законов.

Тука се поставува прашање дали има некоја одлука или некој правилник што Уставниот суд не го укинал на министерот во изминативе 20 месеци? Очигледно е дека, и покрај сите укажувања во изминатиов период, давањето сугестии, предлози, амандмани, сепак упорно се форсираше тезата за укинување на Клиничкиот центар под таа форма што ја имаше до сега, што на крајот на краиштата се покажа дека е штетна за сите учесници во оваа сфера. Иако и тогаш укажувавме дека реорганизацијата на Клиничкиот центар се одвива набрзина, без агенда, без Владата да излезе со писмен елаборат и анализа на целиот процес, иако тогаш ни министерот за здравство, ниту директорот на Фондот излегоа со информација и анализа за тоа каде во светот функционира предложениов систем според кој што се организира Клиничкиот центар, иако голем број на експерти посочуваат за низа негативности од искуството на ваквата реорганизација, сепак таа се донесе.

Во изминатиот период, наместо функционалност и ефикасност во работата, сведоци сме на 30

одделни клиники што имаат по двајца директори, 30 нови управни одбори, за кои паушалите, надоместоците одат на товар на пациентот, од што пациентите не ги добија очекуваните резултати.

Ако на ова се надоврзе недоволно јасната слика на функционирање на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет по однос на работното време и нивното учество, како врвни научно-наставни установи и сите оние ветувања што се даваат за подобар и поефикасен систем, праведен, што на крајот на краиштата видовме дека ги немаше нигде.

Затоа, без мислење на лекарските комори, без мислење на Синдикатот, на универзитетските професори, министри, членови на здравствени комисии, ваквиот закон и ваквите предлог-решенија се избрзани. Затоа, во период кога функционира ваквата техничка Влада, се обидуваат сите овие одлуки што падналe на Уставен суд да се протуркаат на брзина. Но, со оглед на мнозинството што се има, за тоа нема да има никакви проблеми.

Притоа, сакам да кажам дека проблемите нема да се решат, дека граѓаните нема да имаат подобар, поефикасен и праведен систем, за што добија ветување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Станковиќ Емилијан.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер за здравство, почитувани колешки и колеги пратеници,

Денес пред нас е Предлог на закон кој регулира исклучително чувствителна материја, закон кој го третира уставното загарантирано право на граѓаните, правото на достапност во здравствената заштита и тоа со посебен акцент на терцијалното здравство. Нешто што ги засега и 480-те илјади гласачи на владеачката коалиција и нашите 230 илјади гласачи, но и подеднакво сите граѓани на Република Македонија. Оттука во мојата дискусија ќе се обидам да направам кусо резиме на состојбите во здравството. Притоа ќе се обидам многу помалку да критикувам, иако има многу за што можеме да критикуваме, напротив ќе се обидам да укажам на важноста на одлуката која што треба да ја донесе ова Собрание.

На почетокот истовремено сакам да укажам дека одговорноста на пратениците на ДПМНЕ е уште поголема имајќи предвид дека во партиската изборна програма наречена “Преродба во сто чекори” и пред 20 месеци и сега владеачката партија вети подобар, сигурен, ефикасен и праведен здравствен систем кој ќе ги остварува потребите на граѓаните.

Ветуваше унапредување на примарното здравство, мониторинг на работата на сите менаџери во здравството, со еден збор вети длабоки реформи за подобрување на најчувствителниот систем во оваа држава. Но, што добија граѓаните од владините здравствени реформи.

Во изминатите 20 месеци немаше доволно лекови во аптеките од позитивната листа. Цитостатиците за најтешко болните ги имаше само во првите 15 дена од месецот, или ги немаше воопшто, во клиниките ги немаше ниту најевтините лекови. Граѓаните сами ги купуваа лековите и другите потрошни медицински материјали. Едноставно секоја здравствена установа стана приватна и оди исклучиво на грбот на граѓаните.

Претходните измени во Законот за здравствена заштита и здравственото осигурување со кој беше укината дополнителната дејност, падна на Уставниот суд, за жал претходно како резултат на забраната на дополнителната дејност многу реномирани професори, лекари и здравствени работници го напуштија универзитетскиот клинички центар. На сето тоа Уставниот суд ја укина бомбастично најавуваната владина реформа за поделба на Клиничкиот центар на 30 и нешто клиники. Впрочем затоа и денешното брзање со расправата по денешниот Предлог на закон, за кој расправаме по итна постапка, со кој Владата се обидува да го бајпасира правниот вакум кој настана со ваквата одлука на Уставниот суд.

Дополнително симптоматично е што денес се расправаме за Предлог на закон чиј предлагач е министерот за здравство, кој истовремено е и потпретседател на партијата која ниту денес, ниту на Конститутивната седница не присуствуваше во ова Собрание. Но, тоа не е предмет на денешната дебата, ќе имаме прилика за тоа да разговараме многу брзо.

Пред скоро една година кога Владата ја донесе оваа против уставна одлука 4000 вработени во Клиничкиот центар два месеци не земаа плата. Сега повторно вработените на 30-те клиники не можат да земат плата затоа што посебните клиники го изгубија правниот субјективитет а нивните директори немаат право на потпис.

Министерството за здравство потроши милионски суми народни пари за оваа така наречена реформа, заради тоа што требаше да се обучуваат здравствените менаџери за да управуваат со 30-те клиники.

Се потрошија милионски суми народни пари за директорите, членовите на управен одбор на 30-те клиники чии плати, надоместоци и паушали одеа на товар на пациентите кои не ги добија очекуваните здравствени услуги.

И денес после ваквото нелогижно брзање на оваа Влада која само технички ја обавува функцијата до изборот на нова повторно се отвора истата дилема. Дали реорганизацијата на Клиничкиот центар е реформа која е осмислена по модел кој веќе функционира некаде во светот или ова се прави само заради задоволување на партиските интереси на владеачката коалиција.

Владината одлука за реорганизација на Клиничкиот центар е своевиден преседан во историјата на Република Македонија. За прв пат се направија реформи без носителот на истата, во случајот Владата да излезе со писмен елаборат и анализа на целиот процес.

Дека нешто не одеше како што треба покажа изборот на претседател на Комисијата која го изготви делбениот биланс на Клиничкиот центар.

Од оваа позиција се повлекоа многу функционери, меѓу кои последниот директор на Клиничкиот центар, почитуваниот доктор Борче Ѓеоргиевски, инаку кадар на ВМРО-ДПМНЕ и актуелниот заменик министер за здравство Владимир Лазаревиќ повеќето со образложение дека не сакаат да кумуваат на растурањето на најрепрезентативната здравствена установа во Македонија.

И Ѓеоргиевски и Лазаревиќ, но и другите директори рекоа дека никаде во светот не виделе така организиран односно расцепкан Клинички центар. Сите беа едногласни дека со ваквата трансформација терцијалното здравство ќе стане тромаво, здравствените услуги ќе го изгубат својот квалитет, ќе се појави недостаток на лекови, а сето тоа ќе оди директно врз грбот на пациентите.

За жал ова го потврди и експертот за здравствен менаџмент и управување во социјалното здравствено осигурување на светската здравствена организација, кој посочи низа негативности од искуството со ваквата реорганизација која била спроведена во Бугарија со посебен акцент на функционирањето на клиниките со двајца директори кои што во Бугарија донесе катастрофални последици.

Владината трансформација на Клиничкиот центар падна уште на својот почеток, многу порано уште пред Уставниот суд да ја донесе ваквата одлука.

Многу брзо или веднаш се појави проблем со укинувањето на Клиничката аптека и нејзиното присоединување до заедничките служби. Клиничката аптека беше единствениот снабдувач со лекови и медицински материјали на Клиничкиот центар, дополнително државата односно Владата инвестираше во оваа Клиничка аптека околу 500 илјади долари, кои очигледно отидоа во ветер.

На листата на аргументи дека оваа т.н. владина реформа е поразена и нема крај.

Оваа Влада мора конечно да разбере дека на Република Македонија и на нашите граѓани не им е потребно целосно приватизирано и партизирано терцијално здравство базирано исклучиво на лични бизнис и партиски интереси.

Дополнително апсолутно е невозможно да се очекува дека ваквите клиники можат да работат профитабилно кога во Македонија за здравството се издвојува само 2% од бруто домашниот производ. Единствено Молдавија одвојува помалку во регионот од нас. За споредба, САД одвојуваат 15% од својот бруто домашен производ за своето здравство.

На Република Македонија и е потребен здравствен систем базиран на коефициент на концептот на социјално солидарно здравство, здравство достапно на сите граѓани подеднакво.

Република Македонија согласно Уставот е социјална држава и затоа мора да обезбеди здравствена заштита и квалитетни здравствени услуги и за оние кои можат да платат, но и за оние кои немаат.

Ако продолжиме односно ако продолжите со ваквите реформи не само што граѓаните ќе останат без лекови, туку ќе останат и без примарната здравствена заштита.

Посебен проблем е прашањето каде ќе се лекуваат социјалните случаи. Примерот со Словенија покажува дека таму е формиран посебен фонд кој што ги третира и дава здравствени услуги на овие социјални случаи. Таму се само 60 илјади, овде ги има многу повеќе.

СДСМ во изминатите 20 месеци во неколку наврати укажуваше за погрешните и избрзани одлуки. Решенија и чекори во здравствените реформи со кои беа сериозно загрозени уставните права на граѓаните, пациентите и здравствените работници. За жал Владата немаше слух за овие наши укажувања.

Нас ни е потполно јасно дека ни сега не можеме да ве спречиме во вашата намера да го изгласате овој Предлог на закон. Затоа денес апелираме до парламентарното мнозинство да не избрзува. Пред парламентарната дебата треба да претходи процес на изнаоѓање на најсоодветни решенија. Решенија кои ќе бидат содржани во нов закон кој целосно ќе регулира како ќе изгледа најрепрезентативната установа во земјата - Универзитетскиот клинички центар. Впрочем така беше и досега.

Ние секогаш најдобриот и најефикасен, најлесниот начин топката едноставно да ја префрлиме на Владата. Се покажа дека Владата не е секогаш во право и дека секогаш не носи вистински одлуки.

Ова Собрание може да донесе квалитетно решение кое ќе обезбеди квалитетни здравствени услуги за сите граѓани. Ајде да ја исправиме грешката од пред една година. Во процесот на изнаоѓање на решенија мора да бидат вклучени и Лекарската комора и Македонското лекарско друштво, реномирани универзитетски професори, експерти, невладини организации, здруженија на пациенти и сите оние кои можат да придонесат за подобрување на здравствениот систем.

Уште еднаш ја повикуваме Владата повторно да не прави избрзани чекори и да ги преиспита своите одлуки и решенија во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Наша должност како одговорна опозиција, опозиција која сака да биде вистински коректив на

власта, повторно да ве предупредиме за последиците од ваквиот однос кон здравството. Ако одлучите спротивно на нашите укажувања и го изгласате овој Предлог на закон ние не можеме да ве спречиме, впрочем имате 63 пратеника, но истовремено ќе ја носите целосната одговорност за квалитетот на здравствениот систем и услугите што ќе ги добиваат граѓаните во иднина.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Благодарам за сугестиите и советите, само една исправка би сакал да направам.

Република Македонија не издвојува 2% од ЏДП, ниту 3%, туку издвојува 6% од бруто домашниот производ и е една од земјите која што има тенденција секоја година, зборувам за последните две години, тој процент да го зголемува. Тоа е прва работа.

Второ, предмет на законот воопшто не е трансформација на Клиничкиот центар, пак благодарам за сугестиите, меѓутоа во самиот закон се доста решенија кои што ја уредуваат материјата за која што ние јасно уочивме дека има недостатоци во минатото овој закон и затоа се предлагаат.

Инаку, уредбата за трансформација односно Правилникот за трансформација на примарната здравствена заштита која што е поништена исто така од Уставниот суд е донесена од бившиот министер господинот Владо Димов.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Законот.

Предлогот на Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници.

Од нив за Предлогот на законот гласале 54 пратеници.

Не се воздржа ниеден пратеник, против гласаа 16 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака?

Еден.

Нема воздржани, нема против.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 71 пратеник, од нив за гласаа 55 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и против гласаа 16 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Втората седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Седницата заврши во 17,35 часот)